У-5.бр.202/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ПП ЛУКС ЗАШТИТА ДООЕЛ – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-903/8 од 25.12.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата одржана на 05.03.2020 година донесе

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ПП ЛУКС ЗАШТИТА ДООЕЛ – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-903/8 од 25.12.2019 година, за избор на најповолна понуда, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-903/8 од 25.12.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки делумно ја уважила жалбата на тужителот и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18-8174/20 од 02.12.2019, како и постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.08099/2019 за набавка на услуги – одржување, сервисирање и испитување на ПП апарати и стабилни инсталации за откривање, јавување и гасење на пожарии откривање на експлозивни смеси во АДИССДП – Скопје и набавка на ПП апарати и опрема на договорниот орган АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје. Притоа било одлучено секоја страна да ги поднесе трошоците во жалбената постапка.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-903/8 од 25.12.2019 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено во делот со кој тужениот орган одлучувал за трошоците во жалбената постапка, а од причина што погрешно постапил кога одлучил кога ги задолжил секоја од страните да ги сноси наведените трошоци, бидејќи во конкретнито случај станува збор за постапка поведена по службена должност (постапка за спроведување на избор на најповолна понуда поведена од договорен орган) и истата по повод поднесена жалба била завршена поволно за тужителот, па согласно членот 166 став 4 од Законот за јавните набавки в.в. член 68 став 7 од Законот за општата управна постапка, трошоците на постапката ги поднесува јавниот орган кој ја повел постапката.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, по претходно спроведена постапка за избор на најповолна понуда, донел Одлука за избор на најповолна понуда бр.18-8174/20 од 02.12.2019 година со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач за конкретната јавна набавка.

Незадоволен од вака донесената одлука, тужителот изјавил жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното решение бр.09-903/8 од 25.12.2019 година делумно ја уважила жалбата на тужителот и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18-8174/20 од 02.12.2019, како и постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.08099/2019 за набавка на услуги – одржување, сервисирање и испитување на ПП апарати и стабилни инсталации за откривање, јавување и гасење на пожарии откривање на експлозивни смеси во АДИССДП – Скопје и набавка на ПП апарати и опрема на договорниот орган АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје. Притоа било одлучено секоја страна да ги поднесе трошоците во жалбената постапка.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 166 став 6 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби во делот кога одлучувал за трошоците предизвикани во текот на жалбената постапка.

Горе наведеното како резултат на фактот што во овој случај се работи за постапка (жалбена) поведена по иницијатива – жалба на сега тужителот ПП ЛУКС ЗАШТИТА ДООЕЛ – Скопје и која завршила со делумно усвојување на жалбата, во кој случај Законот за јавните набавки регулира дека секоја страна ги сноси трошоците предизвикани по повод поведувањето на жалбената постпака пред Државната комисија за жалби по јавни набавки. Оттука одлуката за трошоците по повод жалбената постапка пред тужениот орган е законита согласно членот 166 став 6 од цитираниот закон.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот во поглед на примената на одредбите за трошоци на постапката од Законот за општата управна постапка, но истите ги одби како неосновани, а согласно членот 137 став 1 од Законот за

јавните набавки т.е. ова прашање е регулирано во Законот за јавните набавки, така што нема простор за примена на одредбите од Законот за општата управна постапка.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 05.03.2020 година под У-5.бр.202/2020

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

РН /

Согласноста на правописот [redacted]